БАЛЕТ СО ЕЛЕКТРОНСКА МУЗИКА

# Кој е посилен: мажите или жените?



Анита ЈОВАНОСКА

**„Underground" или „Ние против нив" во кореографија на Саша Ефтимова е модерен балет, чија премиера ќе се случи на 28 јуни, на големата сцена на МОБ, во рамките на Скопско лето**

Кој е посилен? Мажите или жените? Можеме ли заедно да живееме, без да се натпреваруваме и да се надумуваме?

На овие прашања ќе биде одговорено во новата балетска претстава „Underground" или „Ние против нив" во кореографија на Саша Ефтимова, која премиерно ќе биде изведена на 28 јуни на големата сцена на МОБ, во рамките на Скопско лето.

Ефтимова, која е режисер и костимограф на оваа претстава вели дека се работи за интересно дело, впечатливо и популарно.

–Впечатливо е што сцената ќе биде на повеќе нивоа. Ќе бидат поставени два хаварисани автомобила, а насекаде низ сцената ќе има расфлани делови. На бимови ќе се прикажуваат видео проекции, ќе има многу пиротехника, оган на сцена и жонглери. Со публиката ќе седи и ДЈ Дарко Јорданов од ПМГ Колектив, кој ќе пушта електронска музика, вели Ефтимова.

Сценографијата на претставата ја изработи директорот на Балетот, Кире Павлов, а Ефтимова појаснува дека Павлов ја дал идејата за сценографијата, но за тоа не добил хонорар. Претставата, преку која е прикажана борбата на половите и нивните недоразбирања е работена со буџетот од 300.000 денари.

Ефтимова најавува динамично дело со 30 играчи на сцена од кои 22 ќе бидат перманентно присутни на сцената во текот на 60-те минути.

–Претставата е работена во американски стил, односно хип-хоп стил. Инспирацијата ми беше САД, односно мојот престој таму. Поточно, една дизајнерска линија на облека, која повлекува посебен начин на живот – андерграунд стил, вели Ефтимова.

Исто така, таа најавува и импресивна шминка. Играчите ќе бидат насликани по телото, а Ефтимова ќе има задача да прави егзебиции на сцената, односно ќе изведува кореографии на јаже.

Идејата за „Underground" дојде по неможноста во Македонија, на нашата сцена да се претстави кореографот од САД, Вејд Робсон, кој побарал, за наши услови, премногу висок хонорар од 50.000 долари, па од МОБ не можеле да го исплатат.



А, за тоа кој е посилен или подобар, мажите или жените, Ефтимова вели дека во претставата не се извлекува конкретен заклучок и не се гледа помирување меѓу мажите и жените. Според неа, тие и понатаму ќе продолжат да се натпреваруваат.

– Жените во претствата имаат движења потешки за изведба. Па, преку тоа може да се забележи кој е посилен или кој победува, додава Ефтимова.

За Саша Ефтимова ова е втора кореографија, по минатогодишната премиера на делото „Дива љубов", кое веќе собра три награди на Фестивал за театар и танц во Трабзон, Турција.

„Underground" од септември ќе биде поставена на репертоарот, а Ефтимова најавува дека дотогаш можеби ќе ја видиме и во ново рубо. ■